Д.П. бр. 14/18

**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,** во совет составен од Матилда Бабиќ, претседател на советот, Нада Прочкова, Снежана Таневска, Петар Аневски и Љубинка Башеска, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинската постапка против нотарот А.Р. од К, по одржаната расправа согласно член 25 и 29 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, во присуство на нотарот, на де 29.03.2019 год., го донесе следното

**Р е ш е н и е**

Нотарот А.Р. од К, **се ослободува од одговорност** дека сторил дисциплинска повреда од член 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот, поради тоа што при вршење на нотарската служба на ден 21.03.217 година од доверителот Д.О.В.Д. Скопје, преку полномошник Адвокатско друштво К.од Скопје, примил предлог за издавање на решение за нотарски платен налог за пристигнатото парично побарување врз основа на веродостојна исправа – фактури, со уплатена судска такса од страна на доверителот на ден 15.03.2017 година, при што нотарот оформил предмет НПН бр. 3/17, но нотарот од денот на поднесување на предлогот од страна на доверителот до денот на надзорот (18.05.2017 година), не презел никакви дејствија по наведениот предмет, а ваквата состојба е констатирана и кај предметите НПН бр. 4/17, НПН бр. 5/17, НПН бр. 6/17, НПН бр. 7/17, НПН бр. 8/17, НПН бр. 9/17, НПН бр. 10/17, НПН бр. 11/17, НПН бр. 12/17, НПН бр. 13/17, НПН бр. 14/17, НПН бр. 15/17, НПН бр. 16/17, НПН бр. 17/17, НПН бр. 18/17, НПН бр. 19/17, НПН бр. 20/17, НПН бр. 21/17, НПН бр. 22/17, НПН бр. 23/17, НПН бр. 24/17, НПН бр. 25/17, НПН бр. 26/17 и НПН бр. 28/17, па на таков начин нотарот да постапил спротивно на членот 71 од Законот за нотаријатот.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во предлогот за покренување на дисциплинска постапка доставен до Дисциплинскиот совет од страна на Министерството за правда, бр. 09-3731/1 од 17.07.2018 год., се укажува дека именуваниот нотар постапувајќи на начин опишан во диспозитивот на решенето сторил дисциплинска повреда од член 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот, со предлог да биде изречена соодветна дисциплинска мерка.

Во текот на дисциплинската постапка именуваниот нотар во својата одбрана изнесена писмено со поднесокот од 23.08.2018 година и усно на расправата, меѓу другото, наведува дека Предлогот за поведување на дисциплинска постапка треба да биде отфрлен како неоснован. Постоеле оправдани правни и материјални причини поради кои не се постапувало по доставените предлози, за што е запознаен и доверителот, при што заеднички било договорено да се сочека и да не се постапува по доставените предлози. Потоа, доверителот ги повлекол предлозите на ден 23.05.2017 година, без барање за донесување на формално решение. Рокот од поднесувањето на предлозите од страна на доверителот па се′ до нивното повлекување е два месеци. Нотарот не можел да постапува бидејќи од страна на доверитетлот не биле подмирени трошоците за нотарското постапување. За преземените дејствија е известено Министерството за правда.

За доказ се приложени фотокопија на списите на предметот НПН бр. 3/17 и Уписникот УПДР стр. 1-4;

Во текот на дисциплинската постапка, врз основа на оцена на наводите од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, одбраната на нотарот и на изведените докази, Дисциплинскиот совет наоѓа дека именуваниот нотар не е виновен за сторена дисциплинска повреда од член 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот („Сл. весник РМ“ бр. 72/16, 142/16 и 233/18) – „Одбивање без оправдани

причини, одолжување или несовесно исполнување на обврските определени со законот, подзаконските акти и актите на Комората“.

Ова поради тоа што нотарот при вршење на нотарската служба на ден 21.03.217 година од доверителот Д.О.В.Д.Скопје, преку полномошник Адвокатско друштво К. од Скопје, примил предлог за издавање на решение за нотарски платен налог за пристигнатото парично побварување врз основа на веродостојна исправа – фактури, против должникот Б.К. од Скопје, за налата на долг во износ од 8.748,оо ден. со казнена камата и трошоци на постапката, при што оформил предмет НПН бр. 3/17. Судската такса од страна на доверителот е уплатена на ден 15.03.2017 година, но нотарот од денот на поднесување на предлогот од страна на доверителот до денот на надзорот спроведен од страна на Комисијата на Министерството за правда на ден 18.05.2017 година, не презел никакви дејствија по наведениот предмет. Ваквата состојба е констатирана на записникот од извршениот надзор бр. 09-1639/3 од 12.06.2017 година и кај предметите НПН бр. 4/17, НПН бр. 5/17, НПН бр. 6/17, НПН бр. 7/17, НПН бр. 8/17, НПН бр. 9/17, НПН бр. 10/17, НПН бр. 11/17, НПН бр.12/17, НПН бр.13/17, НПН бр.14/17, НПН бр. 15/17, НПН бр.16/17, НПН бр. 17/17, НПН бр. 18/17, НПН бр. 19/17, НПН бр. 20/17, НПН бр. 21/17, НПН бр. 22/17, НПН бр.23/17, НПН бр. 24/17, НПН бр.25/17, НПН бр.26/17 и НПН бр. 28/17. Од страна на доверителот претходно не се надоместени наградата и трошоците на нотарот, а со поднесоците доставени од страна на доверителот до нотарот на ден 23.05.22017 год., се повлечени предлозите за издавање на нотарски платен налог во предметите наведени во диспозитивот на решението, при што не било побарано нотарот да донесе и формално решение за повлекувањето. Во Уписникот УПДР за 2017 год., стр.1-4 од реден број 1) до 28), констатирано е повлекување на предлозите за издавање на нотарски платен налог.

Според членот 71 став (1) од Законот за нотаријатот, ако нотарот оцени дека предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог

врз основа на веродостојна исправа е допуштен и основан, ќе донесе решение со кое го усвојува предложениот платен налог, а според став (5) ако нотарот оцени дека предлогот не е уреден ќе го врати на доверителот да го уреди според дадени насоки во рок од 8 дена од денот на приемот на известувањето. Според членот 153 став (7) од Законот за нотаријатот, нотарот нема да ја издаде нотарската исправа или решение кое го донеснува согласно со одредбите од овој закон, доколку странките претходно не ги надоместат наградата и трошоците на нотарот и адвокатот и таксите утврдени со овој закон, а согласно со членот 26 од Нотарската тарифа, во постапката за издавање на нотарски платен налог, доверителот не може да бара од нотарот постапување по неговиот предлог се′ додека не ја подмири нотарската награда и трошоците.

Во конкретниов случај, бидејќи доверителот во наведените НПН предмети само ја уплатил судската такса, а не и наградата и трошоците на нотарот, истиот немал можност да постапува по предлозите за издавање на нотарски платен налог до 18.05.2017 год. кога е извршен надзор над работењњето на нотарот. Следствено на тоа, доверителот со поднесоците од 23.05.2017 год. ги повлекол предлозите за издавање на нотарски платен налог што од страна на нотарот е регистрирано во Уписникот УПДР.

При ваквото утврдување Дисциплинскиот совет наоѓа дека изнесената одбрана од страна на нотарот е основана и дека во неговото постапување по предлозите за издавање на нотарски платен налог, по предметите наведени во диспозитивот на решението, не се содржани елементи на дисциплинската повреда од членот 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот на одлуката согласно член 33 став (1) точка 1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на НКРМ.

**Претседател на советот,**
**Матилда Бабиќ**

ПРАВНА ПОУКА: против одлуката
може да се поведе управен спор
во рок од 30 дена по приемот на
истата;

ДН: Нотарот;
Архивата;